Граѓаните се здружени во Здружението заради остварување на поширок заеднички интерес. Мисијата на здружението е: развој на младински политики и поголема застапеност на младите во донесување на локални и национални одлуки, нивна популаризација, вклучување на граѓанскиот сектор во градењето политики на ова поле, негување на културното наследство, градење на мирот и развојот на соработката меѓу различните општествени групи, поддршка и зацврстување на активизмот и граѓанскиот сектор.

Основни цели и задачи на Здружението се:

1. Развој и промоција на културниот и младинскиот активизам, креативните индустрии и креирањето на стабилна културна сцена, преку вмрежување и директен ангажман на граѓанскиот и општествен сектор.
2. Остварување и поддршка на истражувања и проекти од разновидни интердисциплинарни перспективи, а со цел развивање на ефективни локални, национални и меѓународни политики, со посебен аспект на културата, уметноста, јавното мислење и екологијата.
3. Подигнување на нивото на свеста на широката заедница преку вклучување на општествените прашања во секојдневниот дискурс;
4. Спроведување на теренски програми, активности и услуги во заедницата за решавање на општествените прашања;
5. Тренинг и едукација на млади лица во областа на спорт, култура, уметност,екологија и анализи на јавното мислење.